ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

OKTA AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

Тел. +389 2/ 2532 241
e-mail : tveljanovski@helpe.gr

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр. 0303/23**
Дата: **06/03/2023**
Купувач: Т.Вељановски
Рок на доставување: **15/03/2023**

**До:**
e-mail :
Број на страни: 1+2+13

| | |
|---|---|
| X | **ПОНУДА** |
| | БУЏЕТСКА ПОНУДА |

Почитувани Господа,

Ве молиме да ни ја доставите Вашата најдобра понуда за изработка на Фотоволтаични електрични централа , согласно, спецификација, прилог 1, и листа на најдобрите 10 преферирани (од ОКТА) производители на фотоволтаични панели и соларни инвертори ( според извор PV-tech.org) дадени во прилог.

**Напомена: Пред да се достави понудата пожелно е да се направи увид на лице место.**

Лице за контакт во ОКТА : mstavreva@helpe.gr и mbojadzievska@helpe.gr

Сите заинтересирани компании кои сакаат да учествуваат на тендерот потребно е да го потврдат учеството на e-mail адресите tveljanovski@helpe.gr и adimitrievski@helpe.gr најдоцна до **09.03.2023 год.**

Целокупната техничка документација ќе биде доставена на оние компании кои ќе го потврдат учеството на горенаведената е-маил адреса.

1. **Во ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА потребно е да се достават:**

- тековна состојба,
- референтна листа,
- гарантен рок согласно точка 11 од главната техничка спецификација,
- период на техничка поддршка и резервни делови по истекување на гарантниот период,
- Период на завршување на работите (изработка на проектите и припрема на документација до издавање на Решение за инсталирање на фотоволтаични панели, набавка на опрема, испорака до место на инсталирање, монтирање на опрема на покрив на индустриски капацитет и пуштање во работа на централите). Непочитувањето на овој рок ќе биде санкциониран согласно договорот што ќе се потпише,
- техничка документација опишана во главната техничка спецификација,
- изјава дека понудувачот располага со сите потребни ресурси за завршување на работата.

2. **Во ЕКОНОМСКАТА ПОНУДА потребно е да се дадат :**

- Единечна цена на чинење (по принцип клуч на рака) за реализација на секој од фотоволтаичните централи наведени во Прилог 1 поединечно, со вклучени сите трошоци, вклучително и изработка на проектна документација.
- Начин на плаќање.

**Евалуацијата ќе се одвива во две фази и тоа:**

1. Евалуација на техничките понуди
2. Евалуација на Економски понуди само на оние добавувачи чии што технички понуди ќе бидат позитивно оценети.

**Напомена: Економските понуди на добавувачите кои нема да бидат позитивно оценети при техничката евалуација нема да бидат земени во предвид.**

- Цената на понудата да биде изразена во МКД без ДДВ (Понуди во друга валута нема да се разгледуваат).
- Нашите услови на плаќање се „ 40 дена од датумот на фактурата", ако е поинаку да се наведе во Вашата понуда. Давателот на услуги е согласен и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на корисникот на услуги, плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од пет (5) работни денови по тој датум.
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да избере дел од понудата, во случај на повеќе позиции, да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или поништи тендерот.
- Понудувач прифаќа дека ова Барање понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин ОКТА нема да има одговорност или обврска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.

Заинтересираните понудувачи треба Понудата да ја доставаат во надворешен затворен коверт со назнака:

**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 0303/23"**
(наведено во горниот лев агол на ковертот)

Во надворешниот коверт треба да бидат ставени два затворени коверти и тоа:
- едниот коверт кој ќе ја содржи Техничката документација, треба да биде означен со ознаката **„ТЕХНИЧКА ПОНУДА "** и називот на понудувачот, а
- вториот коверт кој ќе ја содржи Финанската понуда, треба да биде означен со ознаката **"ФИНАНСИСКА ПОНУДА"** и називот на понудувачот.

**Понудата да биде пристигната во архивата на ОКТА пред или најдоцна до 15.03.2023 год. до 14 часот по локално време.**

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:

ОКТА АД - Скопје
Ул.1 бр.25, н.м. Миладиновци, Општина Илинден
П.Ф. 66, 1000 Скопје

**Понудите кои не се доставени во согласност со горенаведните услови нема да се разгледуваат.**

Поздрав,
Тони Вељановски

Менаџер на набавки
Александар Димитриевски